Г Р А Д   С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи
ПРЕТСТАВНИК: Раководител на Сектор за комунални работи

ПОВЕРЕНИК: Раководител на Одделение

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ЛАЈКА - СКОПЈЕ**

**Скопје, јуни 2026 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија " бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 , 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ЛАЈКА - СКОПЈЕ**

Член 1

Во Одлуката за субвенционирање на ЈП Лајка – Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.14/25), износот "15.000.000,00 (петнаесетмилиони) денари" се заменува со износот "18.700.000,00 (осумнаесет милиониседумстоилјади)" денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 27-
_________2026година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски

## О б р а з л о ж е н и е

Со член 36 од Законот за локална самоуправа утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 8-б од Законот за јавните претпријатија, јавните претпријатија основани од страна на Град Скопје, можат да добиваат финансиска помош, односно одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Со буџетот на Град Скоје односно со Одлуката за субвенционирање на Јавното претпријатие Лајка – Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" број 14/25), опрделени се 15.000.000,00 (петнаесетмилиони) денари за потешкотии во работењето на ова јавно претпријатие, од причина што јавното претпријатие се наоѓаше во незавидна економска состојба,. Меѓутоа се покажа дека овие средства нема да бидат доволни, за консолидација на ова јавно претпријатие, па согласно на тоа се наметна потреба за зголемување на износот за субвнционирање на ова јавно претријатие. Поради наведеното а во соработка со раководството на претпријатието утврдено е дека субвенција за тековната година би требало да биде 18.700.000,00 (осумнаесет милиониседумстоилјади) денари.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлуката за изменување на Одлуката за субвенционирање на ЈП Лајка – Скопје.